722315	Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината	2.200.000	0	0	0	0	2.200.000
723	**Такси и надоместоци**	**583.000**	**59.097.720**	**0**	**0**	**0**	**59.680.720**
723011	Такси за диплома и сертификат	0	231.000	0	0	0	231.000
723013	Такса за испити	0	4.884.000	0	0	0	4.884.000
723014	Такси лабораториски	0	73.700	0	0	0	73.700
723019	Други образовни такси	0	4.275.480	0	0	0	4.275.480
723111	Целодневна и претшколска грижа	0	20.240.000	0	0	0	20.240.000
723112	Средства за екскурзии	0	8.880.300	0	0	0	8.880.300
723116	Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции	0	3.520.000	0	0	0	3.520.000
723119	Други помошни активности во образованието	0	12.695.320	0	0	0	12.695.320
723219	Приходи од продажба на производи и стоки	0	1.430.000	0	0	0	1.430.000
723411	Членарини во институции во областа на културата	0	1.474.000	0	0	0	1.474.000
723412	Приходи од билети за културни манифестации	0	412.500	0	0	0	412.500
723719	Други услуги од сместување	0	105.600	0	0	0	105.600
723911	Закупнина од објекти	550.000	875.820	0	0	0	1.425.820
723913	Закупнина од опрема	33.000	0	0	0	0	33.000
724	**Други владини услуги**	**660.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**660.000**
724112	Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови	330.000	0	0	0	0	330.000
724118	Приходи од противпожарни услуги	330.000	0	0	0	0	330.000
725	**Други неданочни приходи**	**3.520.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.520.000**
725921	Приходи од наплатени отпишани побарувања	550.000	0	0	0	0	550.000
725939	Останати неданочни приходи	1.650.000	0	0	0	0	1.650.000
725943	2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила	1.320.000	0	0	0	0	1.320.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**29.040.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**29.040.000**

Категорија Ставка Потставка О П И С	БУЏЕТ 2014					
	Буџет	Приходи од самофин. активности	Приходи од донации	Приходи од дотации	Приходи од кредити	ВКУПНИ Приходи
733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	**29.040.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**29.040.000**
733111 Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на Република Македонија	23.100.000	0	0	0	0	23.100.000
733118 Надоместок за детални геолошки истражувања	440.000	0	0	0	0	440.000
733119 Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор)	550.000	0	0	0	0	550.000
733120 Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина)	550.000	0	0	0	0	550.000
733131 Приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште	1.100.000	0	0	0	0	1.100.000
733132 Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ	3.300.000	0	0	0	0	3.300.000
74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ	**61.336.012**	**0**	**0**	**411.251.500**	**0**	**472.587.512**
741 Трансфери од други нивоа на власт	**61.116.012**	**0**	**0**	**411.251.500**	**0**	**472.367.512**
741111 Тековни трансфери од други нивоа на власт	6.600.000	0	0	0	0	6.600.000
741113 Трансфери од буџетите на фондовите	15.400.000	0	0	0	0	15.400.000
741115 Дотации на општината, од приходи од ДДВ	39.116.012	0	0	0	0	39.116.012
741119 Наменска дотација на општината за активности од пожарникарство	0	0	0	11.345.400	0	11.345.400
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	0	0	399.906.100	0	399.906.100
742 Донации од странство	**220.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**220.000**
742119 Други општи и тековни донации	220.000	0	0	0	0	220.000
75 ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ	**0**	**0**	**0**	**0**	**46.200.000**	**46.200.000**
754 Друго домашно задолжување	**0**	**0**	**0**	**0**	**46.200.000**	**46.200.000**
754111 Други домашни задолжувања	0	0	0	0	46.200.000	46.200.000

Биланс на расходи на ниво на потставки

	277.940.605	**59.097.720**	**0**	**411.251.500**	**46.200.000**	**794.489.825**

Категорија Ставка Потставка О П И С	БУЏЕТ 2014					
	Буџет	**Расходи од самофин. активности**	**Расходи од донации**	**Расходи од дотации**	**Расходи од кредити**	**ВКУПНИ РАСХОДИ**
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**39.443.910**	**0**	**0**	**349.384.058**	**0**	**388.827.968**
401 Основни плати	*25.253.910*	*0*	*0*	*254.209.581*	*0*	*279.463.491*
401110 Основни плати -функционери	880.000	0	0	0	0	880.000
401120 Основни плати - државни службеници	18.150.000	0	0	0	0	18.150.000
401130 Основни плати - други вработени	2.782.155	0	0	237.495.904	0	240.278.059
401310 Персонален данок на доход од плата	2.338.345	0	0	16.713.677	0	19.052.022
401320 Персонален данок на доход од надоместоци	1.103.410	0	0	0	0	1.103.410
402 Придонеси за социјално осигурување	*9.680.000*	*0*	*0*	*95.174.477*	*0*	*104.854.477*
402110 Основни придонеси за ПИО	6.303.000	0	0	63.138.186	0	69.441.186
402120 Придонес за бенифициран стаж	0	0	0	459.759	0	459.759
402210 Основни придонеси за здравство	2.674.650	0	0	25.571.493	0	28.246.143
402220 Основен придонес за професионално заболување	211.750	0	0	1.771.059	0	1.982.809
402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување	490.600	0	0	4.233.979	0	4.724.579
404 Надоместоци	*4.510.000*	*0*	*0*	*0*	*0*	*4.510.000*
404150 Други надоместоци	4.510.000	0	0	0	0	4.510.000
41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ	**1.320.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.320.000**
413 Тековни резерви (разновидни расходи)	*1.320.000*	*0*	*0*	*0*	*0*	*1.320.000*
413110 Тековни резерви (разновидни расходи)	1.320.000	0	0	0	0	1.320.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**116.786.339**	**52.123.720**	**0**	**60.244.942**	**0**	**229.155.001**
420 Патни и дневни расходи	*2.992.000*	*929.720*	*0*	*11.000*	*0*	*3.932.720*
420110 Патување во земјата - хранарина (дневница)	11.000	190.520	0	0	0	201.520
420120 Патување во земјата - патни расходи	187.000	572.000	0	11.000	0	770.000
420130 Патување во земјата - сместување	1.485.000	167.200	0	0	0	1.652.200
420140 Патување во земјата - споредни расходи	99.000	0	0	0	0	99.000
420210 Патување во странство - хранарина (дневница)	451.000	0	0	0	0	451.000
420220 Патување во странство - патни расходи	407.000	0	0	0	0	407.000

Категорија Ставка Потставка	О П И С	БУЏЕТ 2014					
		Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
420230	Патување во странство - сместување	220.000	0	0	0	0	220.000
420240	Патување во странство - споредни расходи	132.000	0	0	0	0	132.000
421	*Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*	*24.546.500*	*4.126.100*	*0*	*27.419.050*	*0*	*56.091.650*
421110	Електрична енергија	16.522.000	1.177.000	0	4.853.377	0	22.552.377
421120	Водовод и канализација	1.698.400	737.000	0	994.302	0	3.429.702
421130	Ѓубретарина	6.600	0	0	978.746	0	985.346
421190	Други комунални такси и услуги	55.000	11.000	0	43.248	0	109.248
421220	Дрва	165.000	0	0	733.493	0	898.493
421230	Јаглен	308.000	0	0	0	0	308.000
421240	Течни горива	506.000	110.000	0	17.624.259	0	18.240.259
421310	Пошта	495.000	181.500	0	79.093	0	755.593
421320	Телефон и телефакс	1.771.000	1.090.100	0	638.453	0	3.499.553
421390	Други трошоци за комуникација	88.000	0	0	0	0	88.000
421410	Горива и масла (моторни возила)	1.122.000	440.000	0	165.000	0	1.727.000
421420	Регистрација на моторни возила	242.000	77.000	0	16.500	0	335.500
421430	Транспорт на стоки	22.000	0	0	0	0	22.000
421440	Транспорт на луѓе	1.545.500	302.500	0	1.292.578	0	3.140.578
423	*Материјали и ситен инвентар*	*6.317.080*	*23.420.100*	*0*	*1.942.799*	*0*	*31.679.979*
423110	Канцелариски материјали	770.000	909.700	0	496.885	0	2.176.585
423120	Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	165.000	2.145.000	0	115.515	0	2.425.515
423190	Други административни материјали	55.000	93.500	0	51.055	0	199.555
423210	Материјали за АОП	616.000	38.500	0	33.000	0	687.500
423310	Униформи	286.000	609.400	0	0	0	895.400
423320	Обувки	0	198.000	0	0	0	198.000
423330	Постелнина	0	220.000	0	0	0	220.000
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	455.400	13.310.000	0	0	0	13.765.400
423610	Наставно-образовни помагала	0	764.500	0	43.315	0	807.815
423620	Училишни материјали	0	561.000	0	106.869	0	667.869
423710	Средства за одржување на хигиена	55.000	1.034.000	0	519.786	0	1.608.786

Категорија Ставка Потставка	О П И С	БУЏЕТ 2014					
		Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
423720	Материјали за разни поправки	0	621.500	0	285.537	0	907.037
423810	Ситен инвентар	22.000	1.947.000	0	100.706	0	2.069.706
423830	Резервни делови	220.000	0	0	0	0	220.000
423910	Други материјали за специјална намена	0	0	0	12.328	0	12.328
423990	Други материјали	3.672.680	968.000	0	177.802	0	4.818.482
424	*Поправки и тековно одржување*	*49.676.000*	*4.112.900*	*0*	*3.151.985*	*0*	*56.940.885*
424110	Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми)	495.000	110.000	0	55.000	0	660.000
424120	Поправки и сервисирање на товарни возила	440.000	0	0	0	0	440.000
424210	Одржување на згради	440.000	2.563.000	0	2.126.959	0	5.129.959
424220	Услуги за обезбедување на објекти	0	462.000	0	0	0	462.000
424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	880.000	97.900	0	184.227	0	1.162.127
424320	Одржување на автопати, улици и патишта	23.980.000	0	0	0	0	23.980.000
424390	Одржување на други градби	14.025.000	0	0	0	0	14.025.000
424410	Поправки и одржување на мебел	11.000	0	0	0	0	11.000
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	1.243.000	269.500	0	220.988	0	1.733.488
424430	Поправки и одржување на машини	22.000	264.000	0	195.819	0	481.819
424440	Поправки и одржување на друга опрема	935.000	346.500	0	203.993	0	1.485.493
424510	Одржување на зелени површини околу згради	55.000	0	0	165.000	0	220.000
424590	Одржување на други зелени површини	7.150.000	0	0	0	0	7.150.000
425	*Договорни услуги*	*15.569.400*	*17.677.000*	*0*	*27.364.235*	*0*	*60.610.635*
425220	Банкарска провизија	27.500	16.500	0	0	0	44.000
425230	Осигурување на вработени (несреќи, живот)	5.500	297.000	0	0	0	302.500
425250	Осигурување на недвижности и права	660.000	561.000	0	0	0	1.221.000
425260	Осигурување на моторни возила	110.000	33.000	0	0	0	143.000
425290	Други финансиски услуги	0	71.500	0	186.134	0	257.634
425310	Правни услуги	220.000	159.500	0	22.000	0	401.500
425320	Судски вештачења	22.000	0	0	0	0	22.000
425490	Други здравствени услуги	3.069.000	126.500	0	253.000	0	3.448.500
425630	Испитување на кавалитетот на водите и воздухот	110.000	33.000	0	0	0	143.000
425640	Изработка на просторни и урбанистички планови	4.180.000	0	0	0	0	4.180.000

Категорија Ставка Потставка О П И С	БУЏЕТ 2014					
	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
425750 Услуги за вонучилишни образовни активности	0	7.585.600	0	0	0	7.585.600
425760 Превозни услуги во образованието	0	3.921.500	0	25.538.709	0	29.460.209
425790 Други образовни услуги	0	3.382.500	0	3.113	0	3.385.613
425920 Услуги за копирање, печатење и издавање	2.279.200	181.500	0	119.720	0	2.580.420
425940 Рушење на објекти	825.000	0	0	0	0	825.000
425970 Консултантски услуги	55.000	0	0	0	0	55.000
425980 Надзор над одржување на изградбата	1.100.000	0	0	0	0	1.100.000
425990 Други договорни услуги	2.906.200	1.307.900	0	1.241.559	0	5.455.659
426 Други тековни расходи	*14.935.359*	*1.857.900*	*0*	*355.873*	*0*	*17.149.132*
426120 Членарини во домашни организации	495.000	16.500	0	0	0	511.500
426210 Расходи за репрезентација	1.620.300	0	0	0	0	1.620.300
426310 Семинари и конференции	165.000	60.500	0	134.940	0	360.440
426410 Објавување на огласи	990.000	225.500	0	61.973	0	1.277.473
426990 Други оперативни расходи	11.665.059	1.555.400	0	158.960	0	13.379.419
427 Привремени вработувања	*2.750.000*	*0*	*0*	*0*	*0*	*2.750.000*
427110 Привремени вработувања	2.750.000	0	0	0	0	2.750.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**22.605.856**	**0**	**0**	**0**	**0**	**22.605.856**
463 Трансфери до невладини организации	*10.615.000*	*0*	*0*	*0*	*0*	*10.615.000*
463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации	6.055.500	0	0	0	0	6.055.500
463120 Трансфери до спортски клубови	4.427.500	0	0	0	0	4.427.500
463160 Трансфери до хуманитарни организации	132.000	0	0	0	0	132.000
464 Разни трансфери	*11.990.856*	*0*	*0*	*0*	*0*	*11.990.856*
464120 Стипендии за поддршка на млади таленти	286.000	0	0	0	0	286.000
464910 Плаќање по судски решенија	220.000	0	0	0	0	220.000
464940 Трансфери при пензионирање	1.650.000	0	0	0	0	1.650.000
464990 Други трансфери	9.834.856	0	0	0	0	9.834.856
47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ	**1.265.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.265.000**
471 Социјални надоместоци	*1.265.000*	*0*	*0*	*0*	*0*	*1.265.000*
471160 Еднократна парична помош и помош во натура	1.210.000	0	0	0	0	1.210.000
471240 Помош за деца без родители и родителска грижа	55.000	0	0	0	0	55.000
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**96.519.500**	**6.974.000**	**0**	**1.622.500**	**46.200.000**	**151.316.000**

Категорија Ставка Потставка О П И С	БУЏЕТ 2014					
	Буџет	Расходи од самофин. активности	Расходи од донации	Расходи од дотации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
480 Купување на опрема и машини	*11.726.000*	*2.310.000*	*0*	*77.000*	*0*	*14.113.000*
480140 Купување на информатичка и видео опрема	0	715.000	0	0	0	715.000
480160 Купување на опрема за греење и климатизација	0	825.000	0	0	0	825.000
480190 Купување на друга опрема	11.726.000	770.000	0	77.000	0	12.573.000
482 Други градежни објекти	*74.112.500*	*1.716.000*	*0*	*1.210.000*	*46.200.000*	*123.238.500*
482110 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати	2.750.000	0	0	0	0	2.750.000
482120 Изградба на улици, патишта и автопати	20.850.500	0	0	0	0	20.850.500
482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати	13.585.000	0	0	0	0	13.585.000
482630 Реконструкција на споменици	660.000	0	0	0	0	660.000
482720 Изградба на капацитети за водоснабдување	0	0	0	0	46.200.000	46.200.000
482810 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката	792.000	0	0	0	0	792.000
482920 Изградба на други објекти	22.605.000	0	0	0	0	22.605.000
482930 Реконструкција на други објекти	12.870.000	1.716.000	0	1.210.000	0	15.796.000
483 Купување на мебел	*44.000*	*1.639.000*	*0*	*0*	*0*	*1.683.000*
483120 Купување на училишен мебел	0	1.639.000	0	0	0	1.639.000
483190 Купување на друг мебел	44.000	0	0	0	0	44.000
485 Вложувања и нефинансиски средства	*10.637.000*	*209.000*	*0*	*335.500*	*0*	*11.181.500*
485230 Компјутерстки софтвер	8.437.000	0	0	0	0	8.437.000
485420 Надомест за одземен имот	2.200.000	0	0	0	0	2.200.000
485710 Книги за библиотеки и учебници	0	209.000	0	335.500	0	544.500
486 Купување на возила	*0*	*1.100.000*	*0*	*0*	*0*	*1.100.000*
486110 Купување на моторни возила	0	1.100.000	0	0	0	1.100.000

249.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2012 година

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/2
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2012 година

Член 1

Буџетот на Општина Велес за 2012 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- на избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;

-за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите е утврдена согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници и изнесува 73,85 денари;

-на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно " Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес " ,како и "Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес ".

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2012 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

Средствата ќе се планираат на наменската сметка дотации(930), а ќе се извршуваат преку сметката дотации на локалните јавни установи(903).

Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП 1, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М 1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утрдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

На вработените во локалните јавни установи кои работните задачи ги извршуваат надвор од местото на живеење,односно во дел од населените места на Општина Велес им се признава трошок за превоз до и од работа во висина на реалните трошоци и истите ќе се исплаќаат од средствата на блок дотацијата од соодветната програма и расхотно конто 421440-Траспорт на луѓе.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 15

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Член 16

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 17

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма Градоначалник Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање, додека надоместоците во случај на боледување подолго од шест месеци, во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи, во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, ќе се врши од Програма Градоначалник Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) , а врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот.

Член 18

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 19

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општината.

За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актот за систематизација.

Член 20

Се овластува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата .

Член 21

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2012 до 31.12.2012 година.

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01 Јануари 2012 година.

Број 07-7055/2
29.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

250.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес-изменување и дополнување-за локалитет-дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34 (дел од старо градско јадро) помеѓу ул.„Крали Марко" и Ул.„Крушевска" Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес-изменување и дополнување-за локалитет-дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34 (дел од старо градско јадро) помеѓу ул.„Крали Марко" и Ул.„Крушевска" Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/3
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес - изменување и дополнување- за локалитет-дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34-(дел од старо градско јадро) помеѓу ул.”Крали Марко” и ул.”Крушевска” Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес - изменување и дополнување - за локалитет-дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34 - (дел од старо градско јадро) помеѓу ул.”Крали Марко” и ул.”Крушевска” Општина Велес

По утврдувањето на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес - изменување и дополнување- за локалитет-дел од урбана единица 5, дел од урбан блок 34-(дел од старо градско јадро) помеѓу ул.”Крали Марко” и ул.”Крушевска” Општина ВелесГрадоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-7055/3
29.12.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

251.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за издавање под закуп на недвижен имот објект Градски базен

Се објавува Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот објект Градски базен, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/4
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, а во согласност со член 66 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 45, став1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.12.2011 година , донесе

О Д Л У К А
за издавање под закуп на недвижен имот објект Градски базен

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот и постапката на издавање под закуп на недвижен објект-Градски базен, сопственост на Општина Велес кој се наоѓа на КП 1798 со површина од 6796м2 на ул.„Алексо Демниевски“ и е заведен во ИЛ.бр. 23410 за КО Велес.

Член 2

Издавањето под закуп на објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, ќе се врши по пат на јавно наддавање за период од десет години, со почетна цена на наддавањето од 500.000 денари.

Цената која ќе се постигне со јавното наддавање, ќе биде утврдена цена за закуп на објектот за една година.

Утврдената цена ќе се уплати однапред за една година, а за останатиот период начинот на плаќање на закупнината ќе биде регулиран со договорот за закуп.

Член 3

Постапката за јавно наддавање и утврдувањето на цената на закупнината ќе ја изврши Комисија од 3 члена, именувана од Градоначалникот на Општина Велес.

Доколку постапката за јавното наддавање со почетната цена во првиот обид е неуспешна, се задолжува Комисијата да ја повтори постапката, согласно законските одредби за водење на постапка со јавно наддавање.

Член 4

Се задолжува Комисијата, по спроведувањето на постапката и изборот на најповолен закупец, да достави извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес по извршениот избор да склучи договор за закуп со избраниот закупец.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-7055/4
29.12.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

252.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес од објект во м.в.„Димитар Влахов“ Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес од објект во м.в.„Димитар Влахов“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/5
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес од објект во м.в.„Димитар Влахов“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се дава на времено користење дел од недвижен имот- простории од објект сопственост на Општина Велес, кој е утврден на КП 2831, со површина од 5057 м2 заведен во ИЛ 25827 за КО Велес-објект на ул.„Димитар Влахов” бб, на Универзитетот „ Св.Климент Охридски“ од Битола.

Член 2

Општина Велес е сопственик на 6/10 идеален дел од недвижниот имот опишан во член 1 на ова Одлука или на простории утврдени со површина од 2738м2 , а се состојат од:

-23 простории во приземниот простор со ходници, скали и санитарни чворови или површина од 725м2.

-28 простории на првиот кат, ходници, скали, лифт и санитарни чворови или површина од 733м2.

-3 балконски површини на првиот кат со површина од 21м2.

-21 простории на вториот кат, ходници, ходници со скали, лифт и санитарни чворови или површина од 431м2.

-1 балконска површина на вториот кат или површина од 40м2.

-12 простории на третиот кат, ходници, ходници со скали, лифт и санитарни чворови и или површина од 338м2.

-5 балконски површини на третиот кат со површина од 36м2.

-12 простории на четвртиот кат, ходници и ходници со скали, една остава или површина од 304м2.

-5 балконските површини на четвртиот кат со површина од 38м2.

-4 простории на петиот кат, ходници со скали, лифт, санитарни чворови или површина од 72м2, се сопственост на Општина Велес.

Член 3

Сопственоста на горе наведените простории се утврдуваат согласно Геодетскиот елеборат за физичка делба бр. 2281-03 од 01.09.2011година, изработен од ДГР „Геобиро В-Б" ДОО Велес и етажните скици со опис на просториите, нумерација и одбележување на корисните површини.

За начинот на физичкото поделување на просториите согласно Елаборатот согласни се сопствениците Општина Велес и Република Македонија.

Член 4

Од определените простории со кои ќе располага сопственикот Општина Велес утврдени во член 2, се даваат на времено користење на Универзитетот „Св.Климент Охридски" од Битола и тоа:

-23 простории во приземниот простор со ходници, скали и санитарни чворови или површина од 725м2 ,(од ламела А и Ц).

-28 простории на првиот кат, ходници, скали, лифт и санитарни чворови или површина од 733м2, (од ламела А и Ц).

-3 балконски површини на првиот кат со површина од 21м2,(ламела А)

-12 простории на четвртиот кат од ламела Ц, ходници и ходници со скали, една остава или површина од 304м2.

-5 балконски површини на четвртиот кат од ламела Ц, со површина од 38м2.

-4 простории на петтиот кат ламела Ц, ходници со скали, лифт, санитарни чворови или површина од 72м2, или вкупно површина од 1893м2.

Член 5

Универзитетот „Св.Климент Охридски" од Битола, согласно оваа Одлука, просториите утврдени во член 4 ќе ги користи на одредено време од 25 години, без надоместок. Овој рок на користење започнува да тече од денот на потишувањето на Договорот.

Член 6

Просториите кои се водат како деловни простории и други означени како:

-21 простории на вториот кат, ходници, ходници со скали, лифт и санитарни чворови или површина од 431м2.

-1 балконска површина на вториот кат или површина од 40м2.

-12 простории на третиот кат, ходници, ходници со скали, лифт и санитарни чворови и или површина од 338м2.

-5 балконските површини на третиот кат со површина од 36м2, не се предмет на правото на користење на корисникот, и остануваат и понатаму на располагање на сопственикот.

Член 7

Затоа што сопственикот задржува дел од просториите утврдени од 6/10, (член 6) начинот на користење на простории кои се однесуваат за простори (ходници, скалила во ламела Б) кои ги поврзуваат нивоата на просториите ќе се користат од двете страни ќе се уреди со Договорот кој ќе биде потпишан од двете договорни страни.

Член 8

За начинот на понатамошното користење на деловните и други простории (член 6) кој не се даваат на користење и остануваат на располагање на сопственикот Општна Велес, ќе биде донесена нова Одлука од Советот на Општина Велес.

Член 9

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да склучи Договорот од член 5 на оваа Одлука.

Член 10

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за начинот на користење простории и давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес од објект во м.в.„Димитар Влахов" бб Велес(„Сл.гласник на Општина Велес" бр.07/11)

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-7055/5
29.12.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

253.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за уредување и одржување на јавните санитарни јазли

Се објавува Одлуката за преставнување на важење на Одлуката за уредување и одржување на јавните санитарни јазли, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/6
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес ,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10 и 23/11), член 41, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за престанување на важење на Одлука за уредување и одржување на јавните санитарни јазли

Член 1

Со оваа Одлука се врши престанување на важење на Одлуката за уредување и одржување на јавните санитарни јазли („Сл.гласник на Општина Велес" бр.05/2007).

'**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-7055/6
29.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

254.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2011 година.

Број 08-7078/7
30.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
оран Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09 и 18/10) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес во 2012 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2012 година се:

-Програмирање на работата на Советот за тековната година;

-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;

-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;

-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2012 година.

II.АКТИВНОСТИ
I-во тромесечие

Ред.бр.	Наслов	Рок на разгледување на материјалот	Предлагач	Изготвувач
1.	Квартален извештај на Општина Велес за IV квартал 2011 година	**I-**во тромесечие - февруари	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
2.	Завршна сметка на Општина Велес за 2011 година.	**I-**во тромесечие- најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
3.	Завршна сметка за 2011 година на општинските основни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ООУ	Општинските основни училишта
4.	Завршна сметка за 20 11 година на општинските средни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ООУ	Општинските средни училишта
5.	Завршна сметка за 2011 година на општинските културни установи Библиотека и музеј	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавни установи	ЛУ Народен музеј и Локална библиотека „Гоце Делчев“
6.	Завршна сметка за 2011 година на Општинската установа за деца Детска градинка	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавна установа	ОЈУ
7.	Завршна смет ка за 2011 година на ЈКП „Дервен“	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
8.	Завршна сметка за 2011 година на ЈПССОО „Парк спорт“’	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
9.	Годишен извештај за 20 11 година на Општина Велес	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот - одговорен сметководител
10.	Буџетски календар за 2012 година	**I-**во тромесечие – до 31 март	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот - одговорен сметководител

11.	Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општин а Велес за 2011 година	**I-**во тромесечие - јануари-февруари	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи, човечки ресурси и месна самоуправа
12.	Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината	**I-**во тромесечие	СВР	СВР-Велес
13.	План за упис на учениците од I година во средните училишта во Општина Велес во учебната 2012/2013 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Одделение за образование,култура,здравство,социјална заштита,спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
14.	Основни критериуми за распределба на средствата од наменските и блок дотациите за општинските основни и средни училишта во Општина Велес	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Одделение за образование,култура,здравство,социјална заштита,спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
15.	Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**I -**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
16.	Полугодишен извештај за работата на ЈПСОО „Парк спорт“	**I -**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
17.	Извештај за работата на ЛУ Народен музеј	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	ЛУ Народен музеј
18.	Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
19.	Извештај од реализираните активности (шест месечен) од областа на делегирани надлежности - спорт	**I -**во тромесечие	Градоначалник	Здружение на граѓани - Сојуз на спортови
20.	Годишен извештај за извршена дератизација на територијата на Општина Велес	**I -**во тромесечие	Градоначалник	Завод за здравствена заштита
21.	Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие – јануари, февруари	Градоначалник	Вардарски плански регион
22.	Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие – јануари, февруари	Градоначалник	Вардарски плански регион

II-ро тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2012 година	**II-**ро тромесечие - мај	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
2.	Предлог-стратегија за развој на образованието за периодот 2011-2015 година	**II-**ро тромесечие	Градоначалник	Одделение за образование,култура,здравство,социјална заштита,спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
3.	Предлог-стратегија за соработка со НВО за периодот 2011-2015 година	**II-**ро тромесечие	Градоначалник	Одделение за образование,култура,здравство,социјална заштита,спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
4.	Тромесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**II-**то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
5.	Тромесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**II**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“

III-то тромесечие

1.	Квартален изв ештај на Општина Велес за II квартал 2011 година	**III-**то тромесечие - август	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
2.	Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**III-**то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
3.	Полугодишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**III**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
5.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ОСУ „Јовче Тесличков“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ „Јовче Тесличков“
6.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа в о учебната 2011/2012 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Димитрија Чуповски“

7.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ССОУ „Коле Неделковски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Коле Неделковски“
8.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ОУД „Лазар Лазаревски“	**III-**то тромесечие	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
9.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ООУ „Васил Главинов“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
10	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ООУ „Блаже Конески“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
11	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“
12	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2011/2012 година на ООУ „Благој Кирков “	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
